Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# АНАЛИЗА
# НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ ТРАНСФЕРИ ОД ОПШТИНИТЕ ДО НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО 2016 ГОДИНА

април 2017 година

| | |
|---|---|
| МЕТАМОРФОЗИС Фондација за интернет и општество | Ова истражување е дел од проектот на ЕУ „Истражувачко новинарство за поттикнување реформи“и е поддржано од Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис во рамките на проектот „Отчетност преку граѓански ангажман“, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата изнесени во оваа публикација не секогаш ги одразуваат ставовите на Британската амбасада. |

# СОДРЖИНА

Клучни наоди ........................................................................................................................ 4

Вовед ........................................................................................................................................ 6

Наоди од истражувањето .................................................................................................. 10

Планирани и исплатени средства за трансфери до невладини организации ................................................................................................................ 10

Трансфери до невладини организации по региони ................................................ 14

Поддршка од буџетската линија 463 по области ...................................................... 16

Транспарентност и отчетност ........................................................................................ 19

Препораки ............................................................................................................................ 23

# КЛУЧНИ НАОДИ

- Општините и Градот Скопје во 2016 година исплатиле вкупно 273 милиони денари, односно 4,4 милиони евра од буџетската линија 463 - трансфери до невладини организации, што претставува 80% од планираните средства за оваа намена.

- Од 81 единица на локалната самоуправа, 61 имала исплати од буџетската линија 463, додека 20 не исплатиле средства за оваа намена. На врвот на листата според вредноста на исплатите се скопските општини Карпош и Центар со по околу 26 милиони денари, а на дното е Општина Вевчани со само 3 илјади денари.

- Општините и Градот Скопје во 2016 година имале вкупно 1.734 трансфери од буџетската линија 463 кон повеќе од 1.600 субјекти. Најголемиот трансфер изнесува 22 милиони денари, а најмалиот 2 илјади денари.

- Најголеми трансфери за невладини организации се направени во скопскиот регион, а најмали во општините кои го сочинуваат полошкиот регион.

- Спортот како област е убедливо на врвот според добиената поддршка од општините. Во оваа област општините и Градот Скопје доделиле финансиски средства во износ од 185 милиони денари (3 милиони евра), со што спортот учествува со 67% во вкупните трансфери за невладини организации.

- Од буџетската линија 463 се финансираат дури и спортски клубови регистрирани како акционерски друштва.

- Запоставени се одредени приоритетни области. За проекти од областа на животната средина се доделени само 45 илјади евра, за демократија и развој – 33 илјади евра, за проекти од областа на образованието 25 илјади евра, а за здравството само 3 илјади евра.

- Евидентирани се и исплати кон правни лица кои работат врз профитна основа, кон физички лица, како и исплати со кои општината се финансира самата себеси, што е спротивно на намената на оваа буџетска линија.

- Постои исклучително ниско ниво на транспарентност во доделувањето на финансиските средства од буџетската линија 463. Дури 64% од општините доделуваат средства без претходно да објават јавен повик. На овој начин останува нејасно како е направен изборот на организации и проекти кои добиле финансиска поддршка од буџетските средства.

- Отсуствуваат пропишани процедури и критериуми за евалуација на проектите за доделување средства од оваа буџетска линија кај 61% од општините. Ваквата состојба нужно води кон арбитрарна распределба на буџетски средства. Оттука, секогаш може да се доведе во прашање оправданоста на доделените средства.

- Листата на организации кои добиле поддршка од општините, износот на добиените средства и нивната намена не се јавно објавени кај 74% од општините кои имале трансфери од буџетската линија 463. Ваквата нетранспарентност е неприфатлива ако се има предвид дека станува збор за трошење јавни пари.

- Доминантен дел од општините не бараат од примателите на средствата извештаи за реализација на финансираните проекти. Следствено на тоа, отсуствува и јавно објавување на извештаите за реализација на проектите финансирани од буџетската линија 463. На овој начин се оневозможува увид во начинот и целта на трошење на буџетските средства и се отвора простор за сомневања во оправданоста на буџетските расходи.

# ВОВЕД

Целта на ова истражување е да ги мапира карактеристиките на процесот на финансирање на невладините организации од буџетската линија 463, да се утврди нивото на транспарентност и отчетност на општините, да се согледаат проблемите и слабостите во процесот, како и да се дефинираат препораки за подобрување на веќе востановените практики.

Водени од идејата дека застапувањето за потранспарентна и поефикасна поддршка на невладините организации од страна на општините и на Градот Скопје ќе биде поефикасно доколку се базира врз детален приказ на актуелната состојба, оваа анализа се темели врз обработка на податоците за сите средства доделени од страна на единиците на локалната самоуправа за финансирање на невладини организации и за начинот на којшто е спроведен процесот од секоја општина поединечно.

Истражувањето ги обединува не само парите доделени во различни области на делување на невладините организации во општините, туку и листата на добитниците на проектите, како и транспарентноста на целиот процес од објавувањето оглас до реализацијата на проектите. Сево ова го прави ова истражување единствено од ваков вид во земјата.

Потребата од овој вид на податоци и сознанија произлезе оттаму што досега во земјава не е спроведено истражување што ќе ги обедини сите општини на едно место и ќе даде приказ на сите пари кои се доделени за поддршка на невладините организации, како и листата на тие организации. Поради ова, отсуствуваше јасна слика за тоа за колку пари вкупно станува збор и како и за што се трошат тие. Воедно, покрај вредноста на грантовите, изостанува и јасна севкупна слика за проблемите во овој сегмент. Оттука, целта на ова истражување беше низ интегриран пристап да се даде приказ на севкупната состојба, што е особено важно ако се знае дека финансиската поддршка од општините за малите НВОи на локално ниво е особено значајна и нивното опстојување и делување во голем дел зависат токму од овие средства. Неретко, дел од овие локални организации, и покрај јасните визија и мисија, замираат поради несоодветното доделување на

средствата на здруженија чиешто дејствување не може да се оцени дека е од поширок интерес на граѓаните.

Можноста на едно место да се стават сите финансиски средства доделени на здруженијата на граѓани во најширока смисла ќе даде и јасна слика за вкупно расположливите пари, кому и за каква намена се доделени.

Оттука, ова истражување ја опфати целата буџетска чинија 463 – „Трансфери до невладини организации“, односно:

- 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации
- 463120 Трансфери до спортски клубови
- 463130 Трансфери до Македонскиот олимписки комитет
- 463140 Трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани лица
- 463150 Трансфери до месни заедници
- 463160 Трансфери до хуманитарни организации
- 463170 Трансфери до политички партии
- 463190 Останати трансфери до невладини организации.

Методологијата на истражувањето произлезе од поставените цели. За обезбедување на потребните податоци, на 28 ноември 2016 година до 80 општини и до Градот Скопје беа доставени унифицирани барања за пристап до информации од јавен карактер за информации за финансиските средства доделени на НВО за 2016 година (трансфери до невладини организации од буџетска линија 463), со барање за доставување на следните документи:

- Список на НВО добитници на финансиска поддршка, со имињата на проектите за кои е доделена финансиската поддршка
- Објавениот повик за доставување на апликации
- Документ во којшто се објаснува процедурата, критериумите и начинот на избор на добитниците на средства
- Одлуката за распределба на финансиските средства
- Правила за реализација на добиената поддршка (обврска за доставување извештаи за реализацијата – наративни и финансиски)
- Документи или електронски линкови каде што се објавуваат имињата на НВО и паричниот износ што им е доделен

- Документи или електронски линк за дадениот отчет за реализираните проекти.

Во максималниот законски рок од 30 дена побараната документација и одговори беа добиени од 47 општини, од кои само 16 целосно одговорија на барањето. За да се обезбедат потребните информации, од општините кои доставија нецелосни информации се бараа дополнувања, а до оние кои не ја испочитуваа целосно законската обврска беа упатени потсетувања за законската обврска и најава за доставување жалби до надлежната Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (КОМСПИ). На крајот, во текот на прибирањето на потребните информации, до КОМСПИ беа доставени 13 жалби поради молчење на администрација и против добиен одговор.
Целиот процес на обезбедување на потребните информации траеше повеќе од 3 месеци, што секако само по себе говори за ниското ниво на транспарентност и отчетност на општините за финансирањето од буџетската линија 463.
Врз основа на добиената документација изготвени се индикатори за следење на финансиските средства од буџетската линија 463 (трансфери до невладини организации):

- Областа за која е доделена финансиска поддршка – класифицирани се 12 главни области за кои се доделуваат средства на невладини организации од општините: спорт, култура, социјална заштита и инклузија, хуманитарна помош, локален економски развој, млади, животна средина, демократија и развој на граѓанското општество, образование, здравство, верски заедници и манифестации од различен карактер.
- Јавно објавен оглас за доставување на предлог-апликациии.
- Утврдена процедура и дефинирани критериумите за избор на проектите/организациите кои ќе добијат финансиска поддршка.
- Донесена одлука за распределба на финансиските средства.
- Дефинирани правила за реализација на добиената поддршка – доставување извештаи за реализација – наративни и финансиски.
- Јавно објавени имиња на НВО и паричните средства кои им се доделени.
- Јавно објавен извештај за реализираните проекти.

Врз основа на добиените информации, за чија точност одговорноста им припаѓа на самите општини, покрај оваа анализа, изработена е и база на отворени податоци со приказ за доделените финансиски средства од страна на сите општини во Република Македонија за 2016 година (имиња на НВО, називот на проектот и доделениот износ на финансиска поддршка), како и приказ на исполнувањето на индикаторите за оценка на транспарентноста, ефикасноста и отчетноста на целиот процес. Базата на отворени податоци со приказ за доделените финансиски средства од страна на сите општини во Република Македонија за 2016 година содржи вкупно 1.734 трансфери.

Со ставањето на овие податоци на располагање за пошироката јавност се овозможува остварување на една од главните цели на проектот, а тоа е зголемен пристап до информации кои ќе бидат основа за натамошни истражувања од страна на новинарите, но и основа за натамошни дејствувања на невладините организации во насока на подобрување на процесот на финансирање на невладините организации.

Во рамките на оваа анализа дадени се и препораки за подобрувањето на начинот на финансирање на НВО и за зголемување на транспарентноста и отчетноста во процесот. Препораките беа заеднички утврдени со повеќе од 30 претставници на невладини организации врз основа на наодите од истражувањето.

Ова истражување на Центарот за граѓански комуникации е реализирано во рамките на Проектот на ЕУ „Истражувачко новинарство за поттикнување реформи“ со добиена поддршка од проектот „Отчетност преку граѓански ангажман“, поддржан од Британската амбасада во Скопје.

## НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### Планирани и исплатени средства за трансфери до невладини организации

Сите 80 општини и градот Скопје во буџетите за 2016 година за финансиски трансфери за невладини организации (буџетска линија 463) предвиделе вкупно 341.382.241 денари, или 5.550.930 евра. Ова е само 0,76% од вкупните консолидирани буџети на општините и Градот Скопје за истата година. Но, општините не ја искористиле дури ни целата оваа сума, односно за трансфери кон невладините организации во 2016 година биле исплатени вкупно 273.047.048 денари, или 4.439.789 евра, што претставува 80% од планираните средства. Од вкупните планирани средства во буџетската линија 463 не биле искористени 20%, односно 68.335.193 денари, или 1.111.141 евра.



Од 81 единица на локалната самоуправа, 61 имала исплати од буџетската линија 463, додека 20 немаат извршено никаква исплата за оваа намена.




Од 61 општина кои имале финансиски трансфери кон невладини организации во 2016 година, дури 47 исплатиле помала сума на пари од планираната, додека, пак, 14 општини исплатиле повеќе од планираното во првично усвоените буџети за 2016 година.

Општините и Градот Скопје во 2016 година имале вкупно 1.734 трансфери од буџетската линија 463, со кои се поддржани над 1.600 здруженија на граѓани, спортски клубови, општински организации, конкретни манифестации, фирми и физички лица. Увидот на исплатите на секоја општина одделно е даден во Базата на податоци која е јавно објавена во прилог на ова истражување.

Како што може да се види од следниот табеларен приказ, на врвот на листата според вредноста на исплатите се скопските општини Карпош и Центар, со по околу 26 милиони денари, а на дното е Општина Вевчани, со само 3 илјади денари. Десетте општини и Градот Скопје, чии поединечни исплати од буџетската линија 463 се над 10 милиони денари, вкупно за оваа намена потрошиле околу

199 милиони денари и имаат вкупен удел од дури 73% од вкупните пари за поддршка на невладините организации.

Овие податоци секако укажуваат дека доминантен дел од парите се исплатени од помал број општини. Притоа, она што ги поврзува најголем дел од овие општини што имаат високи износи на средства исплатени од буџетската линија 463 е тоа што финансирале спортски клубови. Важноста и карактеристиките на оваа опсервација подетално е објаснета во следното поглавје.

## Ранг-листа според вредноста на исплатите од буџетската линија 463

| Општина | Износ во денари | Удел во вкупните исплати | Општина | Износ во денари | Удел во вкупните исплати |
|---|---|---|---|---|---|
| **Карпош** | 26.165.250 | 9,58% | **Дебар** | 946.000 | 0,35% |
| **Центар** | 25.530.000 | 9,35% | **Могила** | 942.500 | 0,35% |
| **Битола** | 22.965.000 | 8,41% | **Валандово** | 894.900 | 0,33% |
| **Струмица** | 21.306.401 | 7,80% | **Богданци** | 870.543 | 0,32% |
| **Куманово** | 17.850.000 | 6,54% | **Берово** | 650.000 | 0,24% |
| **Град Скопје** | 16.640.500 | 6,09% | **Дебарца** | 630.000 | 0,23% |
| **Радовиш** | 14.815.000 | 5,43% | **Демир Капија** | 630.000 | 0,23% |
| **Велес** | 14.473.250 | 5,30% | **Илинден** | 598.540 | 0,22% |
| **Аеродром** | 13.440.000 | 4,92% | **Ресен** | 590.000 | 0,22% |
| **Гевгелија** | 13.175.000 | 4,83% | **Чашка** | 425.000 | 0,16% |
| **Штип** | 12.611.000 | 4,62% | **Пробиштип** | 415.000 | 0,15% |
| **Гази Баба** | 8.480.900 | 3,11% | **Ново Село** | 350.000 | 0,13% |
| **Охрид** | 7.749.800 | 2,84% | **Теарце** | 316.450 | 0,12% |
| **Кичево** | 6.540.000 | 2,40% | **Македонски Брод** | 270.000 | 0,10% |
| **Кавадарци** | 5.663.000 | 2,07% | **Маврово и Ростуша** | 264.000 | 0,10% |
| **Новаци** | 4.025.699 | 1,47% | **Крива Паланка** | 263.000 | 0,10% |
| **Македонска Каменица** | 3.288.000 | 1,20% | **Сарај** | 260.000 | 0,10% |
| **Чаир** | 3.098.000 | 1,13% | **Кисела Вода** | 236.000 | 0,09% |
| **Гостивар** | 2.955.168 | 1,08% | **Делчево** | 209.500 | 0,08% |
| **Струга** | 2.683.000 | 0,98% | **Јегуновце** | 204.500 | 0,07% |
| **Прилеп** | 2.663.000 | 0,98% | **Конче** | 197.500 | 0,07% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кочани** | 2.488.288 | 0,91% | **Бутел** | 180.000 | 0,07% |
| **Неготино** | 2.361.000 | 0,86% | **Демир Хисар** | 148.050 | 0,05% |
| **Василево** | 2.230.220 | 0,82% | **Желино** | 84.000 | 0,03% |
| **Свети Николе** | 2.031.500 | 0,74% | **Долнени** | 47.000 | 0,02% |
| **Виница** | 1.762.304 | 0,65% | **Зрновци** | 45.580 | 0,02% |
| **Босилово** | 1.443.300 | 0,53% | **Студеничани** | 42.000 | 0,02% |
| **Ѓорче Петров** | 1.433.923 | 0,53% | **Лозово** | 30.000 | 0,01% |
| **Кратово** | 1.299.500 | 048% | **Старо Нагоричане** | 15.000 | 0,005% |
| **Пехчево** | 1.112.650 | 0,41% | **Липково** | 8.332 | 0,003% |
| | | | **Вевчани** | 3.000 | 0,001% |

Од 20 општини кои не направиле ниту еден трансфер на финансиски средства кон невладини организации во 2016 година, дури 18 општини предвидувале средства во оваа ставка од Буџетот за 2016 година, додека само 2 ниту планирале ниту исплатиле.

## Општини кои немале исплати од буџетската линија 463

| Општина | Планирано во Буџетот за 2016 година | Исплатено |
|---|---|---|
| **Арачиново** | 150.000 | 0 |
| **Боговиње** | 100.000 | 0 |
| **Брвеница** | 330.000 | 0 |
| **Врапчиште** | 850.000 | 0 |
| **Дојран** | 100.000 | 0 |
| **Зелениково** | 150.000 | 0 |
| **Карбинци** | 1.152.000 | 0 |
| **Кривогаштани** | 420.000 | 0 |
| **Крушево** | 610.000 | 0 |
| **Петровец** | 1.250.000 | 0 |
| **Пласница** | 100.000 | 0 |
| **Ранковце** | 159.000 | 0 |
| **Росоман** | 324.000 | 0 |
| **Сопиште** | 968.000 | 0 |
| **Тетово** | 7.180.000 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| **Центар Жупа** | 100.000 | 0 |
| **Чешиново-Облешево** | 1.000.000 | 0 |
| **Шуто Оризари** | 280.000 | 0 |
| **Градско** | 0 | 0 |
| **Чучер Сандево** | 0 | 0 |

Најголемиот планиран, а неисплатен износ на средства за трансфери на невладини организации е евидентиран во Општина Тетово. Оттаму информираа дека на 22 јуни 2016 година распишале конкурс за финансирање на програми и проекти од областа на културата, образованието, спортот и социјалната заштита. На објавениот повик биле доставени 59 апликации, по што било направено и вреднување на најдобрите проекти и бил поднесен извештај до градоначалникот. Но, како што се вели во дописот од оваа општина, поради изборниот процес, постапката била прекината (се мисли на вонредните парламентарни избори во 2016 година).

## Трансфери до невладини организации по региони

Најголеми трансфери за невладини организации се направени во скопскиот регион, а најмали во општините кои го сочинуваат полошкиот регион. Вкупната сума на пари исплатени од деветте општини во полошкиот регион од 3,8 милиони денари, односно 62 илјади евра, е дури за 25 пати помала од поддршката која ја исплатиле општините од скопскиот регион со 17 општини и Градот Скопје, каде што се исплатени 96 милиони денари, односно околу 1,6 милиони евра.

# ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТСКАТА ЛИНИЈА 463 НА НИВО НА РЕГИОНИ




На второто место според висината на исплатени средства за невладини организации се наоѓа југоисточниот регион, со околу 899 илјади евра. Останатите региони исплатиле далеку помалку пари за трансфери кон невладини организации, и тоа: пелагонискиот регион само 510 илјади евра, вардарскиот регион околу 416 илјади евра, источниот регион 367 илјади евра, североисточниот регион 316 илјади евра и југозападниот 306 илјади евра.

Иако буџетот на општините зависи од развиеноста на самата општина, како и од економските резултати што е поврзано со бројот на жители, индустриски капацитети и слично, сепак, анализата на рамномерноста на распределбата на овие средства по региони и по општини укажува на кои географски региони треба да им се посвети соодветно внимание со цел подобрување на состојбата со финансирањето на невладините организации, а со тоа и на спроведувањето на проекти од интерес на граѓаните.

## Поддршка од буџетската линија 463 по области

Анализата на финансиските трансфери до невладините организации по области покажува дека спортот е убедливо на врвот.



На спортот отпаѓаат дури 67% од средствата што единиците на локалната самоуправа ги искористиле за трансфери до невладини организации во 2016 година. За оваа намена општините и градот Скопје потрошиле 185 милиони денари или 3 милиони евра, со што спортот претставува убедливо најмногу финансирана област, со оглед на тоа што на второто место се наоѓа културата со 39 милиони денари, што е за 4,5 пати помалку.

Според податоците добиени од општините, средствата во спортот одат најмногу за финансирање на спортски клубови кои се натпреваруваат на различни нивоа и спортски лиги. Помал дел од овие клубови кои поединечно ја добиле и најголема финансиска поддршка се дури и регистрирани како акционерски друштва.

Според податоците од Централниот регистар на Република Македонија, следните клубови добивале пари од општините од буџетската линија 463, а воедно имаат статус на акционерски друштва: КК МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје, КК Работнички АД Скопје, КК Карпош Соколи 2000 АД Скопје, КК Пелистер АД Битола, РК Пелистер АД Битола и ФК Пелистер АД Друштво за спортски дејности. Притоа, КК МЗТ Скопје од општина Аеродром во 2016 година има добиено 13,2 милиони денари, КК Работнички од Општина Центар добил 22 милиони денари, КК Карпош Соколи од Општина Карпош во 2016 година добил  20 милиони денари,а и Општина Битола има доделено 20 милиони денари вкупно за своите спортски клубови Пелистер. Произлегува дека 75 милиони денари, односно 1,2 милиони евра од буџетската линија 463 (трансфери до невладини организации), се доделени на професионални клубови, што е удел од дури 40% од сите средства доделени за областа спорт.

Значајно е да се нагласи дека општините од буџетската линија 463 доделувале средства и на други клубови кои играат во првите спортски лиги, но според податоците од Централниот регистар, тие се сè уште регистрирани како спортски здруженија или како општествени организации.

По спортот, на второ место според поддршката се наоѓа културата, за која се доделени финансиски средства во износ од 39 милиони денари, односно 642 илјади евра. Сите останати области имаат исклучително мал удел, којшто се движи од 4,72% за социјалната заштита и инклузијата до минималните 0,08% во областа на здравството.

Ова упатува на исклучително нерамномерна распределба на средствата од буџетската линија за трансфери до невладини организации и запоставување на одредени поприоритетни области за граѓаните. Така, на пример, иако прашањата од животната средина се многу присутни во јавниот дискурс, ценејќи според висината на финансиските средства издвоени за оваа област може да се заклучи дека тие се запоставени од локалните власти. Имено, за проекти од областа на животната средина се доделени само 2,7 милиони денари, односно 45 илјади евра, што е само 1% од вкупно доделените средства.

Со оглед на тоа што голем број на општини се соочуваат со неповратно губење на младите луѓе поради миграција и со оглед на тоа што оваа тема во јавноста е многу присутна во последно време, може да се заклучи дека поддршката на организации кои спроведуваат проекти за младите не ја добиваат потребната поддршка. За оваа област се издвоени околу 5 милиони денари (80.698 евра), што е 1,8 % од вкупно потрошените средства. Истото може да се оцени и за локалниот економски развој, за којшто се доделени 7,4 милиони денари (118.865 евра), што изнесува само 2,6% од вкупно потрошените средства од буџетската линија 463.

Во значајни области, но со исклучително ниско ниво на поддршка под еден процент се и областите демократија и развој на граѓанското општество, за што се доделени само 2 милиони денари (33.484 евра), потоа, образованието со 1,5 милион денари (25.089 евра), како и здравството, за што се доделени само 213 илјади денари (3.463 евра). Здравството е на дното на листата дури и под средствата за верските организации, и тоа најчесто доделени за изградба на цркви.

Земајќи го предвид Правилникот за класификација на расходите, донесен врз основа на Законот за буџетите, и споредбата со организациите т.е. правните лица кои во текот на 2016 имаат добиено средства според оваа буџетска линија произлегува заклучокот дека општините не ги следат целосно препораките на овој правилник. Така, некои општини, како на пример Чаир, Василево, Вевчани и Карпош, направиле трансфер на финансиски средства кон фирми кои воопшто не можат да се класифицираат како невладини организации, без разлика што средствата биле искористени за проекти карактеристични и во согласност со дејноста и активностите на граѓанските здруженија. Така, на пример, општина Василево директно исплатила средства на компанија за превоз на членови на

фолклорно друштво, наместо средствата да ги префрли на друштвото, што би било во согласност со овој правилник. Од вевчанскиот буџет, пак, доделени се пари на стоматолошки центар за организација на фудбалски турнир, додека Општина Карпош поддржала компанија за консалтинг која спровела истражување за задоволството на родителите од образованието во општинските училишта. Скопската општина Чаир, пак, префрлила средства на маркетинг компанија. Како илустративен пример на непочитување на овој правилник е забележан и во Општина Кратово, каде што општината не направила трансфер на средства до невладина организација за организирање на манифестација – Компиријада Кратово 2016, туку како организатор се јавува самата општина, а потрошените средства се прикажани како буџетски трошок според оваа буџетска линија. Притоа, Општина Кратово на неколкупати се јавува како корисник на средствата од буџетската линија 463. Друг пример на несогласувања со овој правилник е исплатата на финансиски средства на физички лица (поединци). Таква практика е забележана кај општините Гевгелија, Охрид, Карпош и кај градот Скопје. Ваквите расходи не би требало да бидат исплаќани според буџетската линија 463, без разлика што физичките лица во најголем дел од случаите спровеле активности карактеристични за невладини организации.

## Транспарентност и отчетност

Со цел да се утврди нивото на транспарентност и отчетност на општините во доделувањето на средствата од буџетската линија 463, од општините беа побарани документи за објавениот јавен повик за доделување средства;за процедурата, критериумите за евалуација и начинот на избор на добитниците на средства;за донесената одлука за распределба на финансиските средства; правила за реализација на добиената поддршка (обврска за доставување на извештаи за реализацијата – наративни и финансиски); за јавното објавување на имињата на НВО и паричниот износ што им е доделен и документи или електронски линк за извештај/и за реализираните проекти. Врз основа на добиената документација, изготвен е приказ на нивото на транспарентност на општините во однос на сите фази од финансирањето од буџетската линија 463.

Прегледот на овие процедури, во понатамошниот дел од анализата, е направен токму по хронолошкиот редослед на процедурите, почнувајќи од јавниот повик сè до тоа дали граѓанските здруженија имаат обврска за извештаи за сработеното.




*Детален преглед на ниво на општини е даден во базата на податоци која е објавена во прилог на оваа анализа.

Постои исклучително ниско ниво на транспарентност во почетниот стадиум од постапката за доделување на финансиски средства од буџетската линија 463 бидејќи само 22 општини, односно 36% од оние кои исплатиле средства, отвориле повик за апликации за проекти. Тоа значи дека 64 % од општините доделиле средства без јавен повик, што уште на стартот од постапката покажува недостатоци на процесот.

Само 24 општини, односно 39%, поседуваат посебен документ или правилник за доделување на средства од буџетската линија 463 и јасни критериуми за евалуација на проектите кои ќе се финансираат. Останатиот дел од општините – 37, односно 61%, на ова прашање одговориле негативно или во документацијата добиена од нив по барањето за пристап до информации од јавен карактер не го вклучиле бараниот документ.

Единиците на локалната самоуправа во Република Македонија далеку подобро стојат во однос на правната процедура за доделувањето на финансиските средства, со оглед на тоа што дури 46 од нив, односно 75%, од оние кои исплатиле средства поседуваат одлуки за исплатите, додека 25 % (15 општини) или воопшто не поседуваат одлуки, или не поседуваат за сите извршени исплати.

Мал број од општините се погрижиле информациите за исплатите и примателите на финансиската поддршка од невладиниот сектор да бидат јавно достапни. Така, само 16 општини, односно 26% од оние кои направиле трансфери кон невладините организации, јавно ги објавиле примателите на поддршката, како и износот. Дури 45 општини (74%) не обезбедиле јавна достапност на овие информации.

Еден од најважните инструменти за следење на тоа дали парите на граѓаните се трошат наменски и дали на крајот имало резултати од активностите преземени во одредена област се извештаите на примателите на средствата, како финансиските, така и наративните. Според одговорите на општините, едвај кај нешто помалку од половина – 28 општини или 46% постои обврска примателите на финансиски средства да доставуваат извештаи како доказ дека парите на граѓаните биле потрошени за пропишаниот проект, т.е. наменски. Дури 54% од општините кои исплатиле средства по анализираната буџетска линија не сметаат дека е потребно на примателите на овие парични средства да им бараат извештај за сработеното.

Најлоша практика во однос на отчетноста и транспарентноста на општините постои во делот на објавувањето документи за отчет, како за направените трансфери, така и за ефектите од спроведените проекти од страна на поддржаните невладини организации. Само три општини одговориле позитивно на прашањето дали имаат јавно објавено документ во којшто има сумарен

извештај за реализираните проекти, што е само 5% од сите општини кои во 2016 година исплатиле средства како поддршка за невладините организации. Општина Струмица информираше дека ја има оваа практика и во прилог на побараната документација  достави публикација „Грантирани проекти од Општина Струмица“ изработена од Центарот на Заедницата на Општина Струмица за 2015 година.   Општините Кратово и Пробиштип, пак информираа дека извештаите ги објавуваат на веб-страницата на општината, но не доставија директен линк до објавите ниту, пак, со пребарувањето на нивните страници можеше да се дојде до нив. Оттука, со право може да се оцени дека судејќи по овој параметар отчетноста на општините е на исклучително ниско ниво.

Самите податоци изнесени во ова поглавје претставуваат основа за соодветни препораки за тоа што треба да се поправи во практиката на единиците на локалната самоуправа за тие да бидат поотчетни и потранспарентни.

Така, како најприоритетна промена се истакнува отворањето повици за апликации бидејќи арбитрарното и непланираното доделување средства се косат со правилата за транспарентност. Исто така, како многу важен дел од процесот е и општините да располагаат со прецизни и конкретни, јавно објавени критериуми за оценка на проектите кои би биле поддржани. Анализата покажа дека најголем дел од општините немаат вакви критериуми. Оние што имаат, пак, ги пропишуваат со правилник за критериумите и за постапката на доделување на средства за невладините организации. Само девет општини имаат специфицирани критериуми базирани врз табела за евалуација на проектите. Останатите општини користат правилник со општи критериуми во еден или два члена, кои најчесто се однесуваат на тоа организацијата да е регистрирана во општината во која аплицира и да врши дејност која е предвидена со годишните програми на општината. Одреден број на општини имаат конкретни и прецизно утврдени процедури и правила за оценување на пристигнатите проекти.

# ПРЕПОРАКИ

- Задолжително објавување јавен повик за доделување на средствата од буџетската линија за поддршка на невладини организации. На овој начин ќе се овозможи пристап до буџетските средства под еднакви услови за сите организации на граѓанското општество.
- Општините однапред треба да ги дефинираат начинот, процедурата и периодот на распределба на средствата, што подразбира и јасно утврдени критериуми за доделување на средствата и дефинирани приоритети. На овој начин ќе се избегне ризикот од фаворизирање на одредени организации и активности на граѓанското општеството наспроти запоставувањето на други.
- Задолжително јавно да се објавуваат имињата на организациите добитници на финансиски средства, намената на доделените средства, нивната висина, како и извештаи за спроведените активности. На овој начин, целата јавност ќе има увид во оправданоста за доделените средства и начинот на којшто се искористени.
- Да се преиспитаат поставките во буџетската линија 463 со цел оваа линија да биде попрецизно дефинирана и во согласност со намената, односно да бидат опфатени само непрофитни организации.
- Да се инсистира на поголема вклученост на невладините организации и на граѓаните во процесот на дефинирање на годишните програми на општините, односно приоритетните области кои се од поширок интерес на граѓаните. Во таа насока ќе биде корисно јасно да се дефинираат целите на буџетското финансирање од линијата 463 и да се дава предност во финансирање на проекти за остварување на тие цели, наспроти финансирањето на организациите како такви.
- Буџетската потставка „Трансфери до спортски клубови“ да се редефинира во насока на тоа таа да опфаќа само аматерски и рекреативни спортови, развој на спортот во млади категории, спортски манифестации и слично, а не и поддршка за професионални спортски клубови. Поддршката за

професионалните клубови чие опстојување е од интерес на конкретната општина секако треба да продолжи, но преку друга буџетска ставка.

- Доследно да се применува Правилникот за класификација на расходите и да не се излегува од неговите рамки, односно да се спречи буџетските средства од линијата 463 да се исплатуваат на физички лица, на правни лица кои работат врз профитна основа, како и на самите општини.
- Во насока на зајакнување на транспарентноста и отчетноста на доделувањето на финансиски средства од буџетската линија за невладини организации, да се креира единствен портал на сите општини на кој ќе се објавуваат сите релеватни информации за процесот: повици за доделување средства проследени со јасни критериуми за нивно доделување, листа на организации кои добиле финансиска поддршка вклучувајќи ја нивната цел и износ, како и извештаи за реализација на проектите.
- Да се земе превид можноста Министерството за локална самоуправа да иницира законски измени со кои општините ќе бидат задолжени определен процент од нивниот буџет да биде наменет за невладините организации. На овој начин ќе се овозможи порамномерна распределба на средствата.